ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
До: ЈАВНОСТА
Дата: 21.10.2010

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## КОНКУРЕНЦИЈА ВО КАРДИО-ХИРУРГИЈА

## ИЗЗЕМАЊЕ НА ФЗОМ ВО МЕЃУСЕБНИТЕ ОБВИНУВАЊА НА ДВЕТЕ КАРДИО-ХИРУРГИИ

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) ја информира јавноста за следново:

**За годината 2010 ФЗОМ за своите осигуреници обезбедил-купил кардио-васкуларно хируршки интервенции во ист број како во минатата 2009 година. Бројот изнесува околу 1500 операции годишно. Тој број по сите светски стандарди е оптимален за популацијата на Р.Македонија. Со тој број Р.Македонија е единствена држава во регионот каде не постојат долги листи на чекање за кардио-васкуларно хируршки интервенции.**

Договорот за купување на кардио-васкуларно хируршки интервенции не е, ниту ќе биде предмет на јавна расправа. Поради чувствителноста на темата кардио-хирургија во Р.Македонија, договорот со кардио-хирургиите е единствен од тој тип во Р.Македонија и претставува плаќање по извршена услуга до лимит. Ниту една друга болничка здравствена установа во Р.Македонија нема ваков поволен договор. **Со или без нов договор и со потрошен буџет на кардио-хирургиите, за сите итно оперирани пациенти ФЗОМ плаќа поединечно по случај.**

**Сите 3500 субјекти кои имаат склучено договор со ФЗОМ имаат клаузула за „Негување на добри односи со Фондот“.**

Бранко Аџигогов
Портпарол